Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 05.03.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 959/3 | 1 | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

**КОРИГИРАН ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Нова Македонија"; Друштво за издавање и маркетинг АДРИА МЕДИА БАЛКАН ДОО Скопје, издавач на весникот „Слободен печат"; Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Вечер"; Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на весникот „Коха"; Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Капитал"; Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Фокус"; Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на весникот „Битолски весник"; Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазините „Бабина кујна", „Лековити билки", „Руски доктор" и „ХроноГотвач"; Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазините „Unique" и „Auto Focus"; Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „М Магазин/Авто плус"; Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Лајм"; Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Економија и бизнис"; Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весникот „Заман" и на магазинот „Заман шќип"; Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Портрет"; Друштво за издавање на електронски публикации, услуги, трговија и промет СПОРТМЕДИА ПРЕСС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Македонски спорт"; Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на магазинот „Убавина и здравје"; Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на магазинот „Порта 3"; Друштво за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје, издавач на магазините „Мини Либи" и „Либи"; Друштво за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје, издавач на весникот „Независен"; Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на магазинот „Шења"; Друштво за производство, трговија, услуги и маркетинг МЕД ФОКУС ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Храна и вино" и Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Скопско ехо", и тоа:

**2.1.** изданијата од 26 февруари 2018 година на дневните весници „Нова Македонија" бр.24277, „Слободен печат" бр.1298, „Вечер" бр.16677 и „Коха" бр.3302;

**2.2.** изданието од 26-28 февруари 2018 година на дневниот весник „Македонски спорт" бр.5935;

**2.3.** изданието од 24-26 февруари 2018 година на дневниот весник „Лајм" бр.3443;

**2.4.** изданието од 23-24-25 февруари 2018 година на дневниот весник „Независен" бр.62;

**2.5.** изданијата од 23 февруари 2018 година на неделните весници „Капитал" бр.956 и „Фокус" бр.1168;

**2.6.** изданието од 22 февруари 2018 година на неделниот весник „Скопско ехо" бр.60;

**2.7.** изданието од 21 февруари 2018 година на неделниот весник „Битолски весник" бр.2751;

**2.8.** изданието од 20-26 февруари 2018 година на неделниот весник „Заман" бр.1128;

**2.9.** изданијата за месец февруари 2018 година на магазините „Заман шќип" бр.146, „Лековити билки" бр.34, „Руски доктор" бр.23, „Unique" бр.98, „Економија и бизнис" бр.236, „Портрет" бр.27, „Храна и вино" бр.161, „М Магазин/Авто Плус", „Мини Либи" бр.9, „Либи" бр.9 и „Шеќа" бр.82;

**2.10.** изданијата за месеците февруари и март 2018 година на магазините „ХроноГотвач" бр.12 и „Бабина кујна" бр.27;

**2.11.** изданието за месеците јануари и февруари 2018 година на магазинот „Убавина и здравје" бр.115 и

**2.12.** изданијата за месец јануари 2018 година на магазинот „Порта 3" бр.264 и „Auto Focus" бр.124.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 27 февруари 2018 година

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

**5. Констатации од надзорот:**

**5.1.** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми **<u>е во целост исполнета кај 26 печатени медиуми</u>**, и тоа кај: изданијата од 26 февруари 2018 година на дневните весници „Нова Македонија" бр.24277, „Вечер" бр.16677, , „Слободен печат" бр.1298 и „Коха" бр.3302; изданието од 26-28 февруари 2018 година на дневниот весник „Македонски спорт" бр.5935; изданието од 24-26 февруари 2018 година на дневниот весник „Лајм" бр.3443; изданието од 23-24-25 февруари 2018 година на дневниот весник „Независен" бр.62; изданијата од 23 февруари 2018 година на неделните весници

„Капитал“ бр.956 и „Фокус“ бр.1168; изданието од 22 февруари 2018 година на неделниот весник „Скопско ехо“ бр.60; изданието од 21 февруари 2018 година на неделниот весник „Битолски весник“ бр.2751; изданието од 20-26 февруари 2018 година на неделниот весник „Заман“ бр.1128; изданијата за месец февруари 2018 година на магазините „Заман шќип“ бр.146, „Лековити билки“ бр.34, „Руски доктор“ бр.23, „Unique“ бр.98, „Економија и бизнис“ бр.236, „Портрет“ бр.27, „М Магазин/Авто Плус“, „Мини Либи“ бр.9 и „Либи“ бр.9; изданијата за месеците февруари и март 2018 година на магазините „ХроноГотвач“ бр.12 и „Бабина кујна“ бр.27; изданието за месеците јануари и февруари 2018 година на магазинот „Убавина и здравје“ бр.115 и изданијата за месец јануари 2018 година на магазинот „Порта 3“ бр.264 и „Auto Focus“ бр.124.

**5.2.** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми **е само делумно исполнета кај два печатени медиуми**, и тоа кај:

1. „Храна и вино“, чиј издавач е Друштвото за производство, трговија, услуги и маркетинг МЕД ФОКУС ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје - не се објавени податоците за датумот на печатење или препечатување и

2. „Шења“, чиј издавач е Културното Здружение ВИЗИОНИ М Скопје – не се објавени податоците за: адресата на уредништвото на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот, називот и адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени проимероци.

Предлог – мерките за издавачите на овие печатени медиуми се дадени во посебните извештаи кои се доставуваат во прилог на овој извештај.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***